Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
ЕУРО-ЕКОПАК ДОО
Бр 521-10/23
31.10 2023 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Бр. 05-8346/1
07-12-2023 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Склучен помеѓу следните договорни страни:

1.**"ЕУРО-ЕКОПАК" ДОО Скопје,** со седиште на ул."Лондонска" бр.19 ТЦ "Тафталиџе" 1, спрат 3 - 1000 Скопје, со ЕМБС 6704913, застапувано од управителот Лука Луковски од Скопје, од една страна (во понатамошниот текст: ***ЕУРО-ЕКОПАК***), како КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ и

**2.ОПШТИНА "АЕРОДРОМ" - Скопје**, со седиште на бул. Јане Сандански бр. 109-Б, ЕМБС: 5980283, ЕДБ: МК 4030004547854, електронско сандаче: aerodrom@aerodrom.gov.mk застапувана од Градоначалникот Тимчо Муцунски, од друга страна (во понатамошниот текст: *Општина АЕРОДРОМ*).

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Овој договор се склучува согласно одредбите од член 42, став (4) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад ("Службен весник на РСМ" бр.215/2021) - (во понатамошен текст ЗПОП), член 32, став (1) од Закон за управување со пакување и отпад од пакување ("Службен весник на РСМ" бр.215/21) - (во понатамошен текст ЗУПОП) и член 28, став (1), точка 8 од Законот за управување со отпадот ("Службен весник на РСМ" бр.216/21) - (во понатамошен текст ЗУО).

**Член 2**

Договорните страни се согласни секоја во рамките на своите права и обврски утврдени со законските одредби од член 1 од овој договор, заеднички да ги организираат и да превземаат активности за воспоставување и имплементација на одржлив интегрален систем на управување со посебните текови на отпад од пакување на територијата на *Општина АЕРОДРОМ.*

**Член 3**

*Општина АЕРОДРОМ* обврските за проширена одговорност може да ги остварува со склучување на договор со еден или повеќе колективни постапувачи, со цел за воспоставување на организиран, одржлив итегрален систем на одделно собирање и селектирање на посебните текови на отпад од пакување во општината.

ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Предмет на овој договор е регулирање на правата и обврските на договорните страни согласно ЗПОП, ЗУПОП и ЗУО.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЕУРО-ЕКОПАК

Член 5

Согласно член 11 од ЗПОП, *ЕУРО-ЕКОПАК* има обврска да дава поддршка согласно своите можности и остварува соработка со *Општина АЕРОДРОМ* за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад од пакување во насока на остварување на националните цели, преземање на заеднички мерки и активности, кои имаат за цел поттикнување на одделно собирање на отпадот од пакување, воспоставување на собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадот од пакување, заради повторна употреба, преработка и рециклирање во тековната година, како и активности за подигање на јавната свест.

Член 6

*ЕУРО-ЕКОПАК* ќе обезбеди и постави урбана опрема за примарна селекција на пакување и отпад од пакување во собирните центри и локации одобрени од страна на *Општина АЕРОДРОМ*.

Опремата од став 1 на овој член е сопственост на *ЕУРО-ЕКОПАК*.

Договорните страни се согласни да динамиката на доделување на урбаната опрема по видот, кубикажата и број се утврдува со Анекс на договор.

Урбаната опрема се утврдува согласно доставените потреби од страна на *Општина АЕРОДРОМ*, а во рамки на можностите на *ЕУРО-ЕКОПАК,* по претходно заеднички направен увид на лице место од страна на стручните лица на *Договорните страни.*

Член 7

*ЕУРО-ЕКОПАК* е должен преземањето и транспортот на собраниот отпад од пакување од собирните центри и локации во *Општина АЕРОДРОМ*, да го довери само на правни лица кои имаат соодветни дозволи издадени од надлежни државни органи согласно прописите за управување со отпад, согласно член 29, став (1) од ЗПОП.

Член 8

*ЕУРО-ЕКОПАК* зависно од остварената динамика на количините на собран и селектиран отпад од пакување од доделената урбана опрема, може да го намали бројот на урбана опрема или да испорача и дополнителна урбана опрема, согласно остварените резултати од користењето на доделената и поставена урбана опрема, а по заедничка согласност на договорните страни.

### Член 9

***Договорните страни*** ќе прават полугодишен пресек на остварените резултати и на реализираните операции на собирање, транспортирање, складирање, повторна употреба, преработка, рециклирање и отстранување на посебните текови на отпад од пакување во собирните центри и локации, со цел да се превземат навремени мерки за остварување на што поголем процент на селекција и рециклирање на отпадот од пакување, што се генерира на годишно ниво.

### Член 10

***ЕУРО-ЕКОПАК*** е должен да и овозможи на ***Општина АЕРОДРОМ,*** целосен увид во својата документација, како и исполнувањето на обврските, кои се однесуваат на управувањето со отпадот од пакување во општината.

### Член 11

***ЕУРО-ЕКОПАК*** ќе ја информираат јавноста и крајните корисници за:

- воспоставените системи на преземање и собирање на отпадот од пакување, кои им се на располагање;
- начинот на нивно придонесување за повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка на отпадот од пакување и
- останатите активности околу соработката со ***Општина АЕРОДРОМ***

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

### Член 12

***Општина АЕРОДРОМ*** ќе му овозможи на ***ЕУРО-ЕКОПАК***, преземање и транспорт на собраниот отпад од пакување од инфраструктурата дадена на користење.

### Член 13

***Општина АЕРОДРОМ*** на својата веб страна ќе ја информира јавноста и крајните корисници за:

- воспоставените системи на преземање и собирање на отпадот од пакување, кои им се на располагање и
- начинот на нивното придонесување за повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка на отпадот од пакување.

### Член 14

Во случај на потпишување на договори и со други колективни постапувачи на отпад од пакување, ***Општина АЕРОДРОМ*** ќе води евиденција за собраниот отпад од пакување, за секој колективен постапувач одделно сразмерно на урбаната опрема обезбедена од страна на колективните постапувачи.

Согласно собраните и селектирани количини на отпад од пакување од ставот 1, од овој член, од овој договор, истите ќе бидат основа за евидентирање на соодветниот управувачки систем на секој од колективните постапувачи пооделно.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 15

Овој договор се склучува за период од 2 (две) години.

Член 16

Во случај кога една од договорните страни не è задоволна од соработката и остварените резултати согласно членовите 9 и 10 од овој договор, може на другата договорна страна да и достави писмено известување со објаснување за забелешките на работата, при што ќе бара исправка на неправилностите во разумен временски рок.

Член 17

Доколку овој договор биде раскинат од било која причина, ***Општина АЕРОДРОМ*** ќе му овозможи на колективниот постапувач да ја подигне опремата од член 6 од овој договор и истата ја предаде со записник за примопредавање во присуство на одговорни лица од двете договорни страни.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Договорните страни се согласни информациите и податоците кои ги обезбедиле или до кои дошле при реализацијата на овој договор, податоците добиени со ревизијата и сите други информации и податоци, при исполнувањето на меѓусебните права и обврски, во рамки на правата и обврските дефинирани со законите на кои се заснова овој договор, да бидат меѓусебно достапни.

Член 19

Можните измени и дополнувања настанати по склучување на овој договор, договорните страни ќе ги договорат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој договор со Анекс на договор.

Член 20

За се што не è предвидено и регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Договорните страни се согласни сите спорови кои евентуално би произлегле од овој договор како и настанати разлики во толкувањето на истиот да ги решаваат спогодбено и во духот на добрите деловни односи и обичаи.

Доколку спогодба не биде постигната, спорот ќе биде решен пред надлежниот Основен граѓански суд Скопје.

Член 21

Овој договор престанува да важи доколку било која од договорните страни писмено ја извести другата страна дека го раскинува договорот, со отказен рок од 30 дена.

Секоја од договорните страни може писмено да го раскине договорот доколку се постапува спротивно или не се почитуваат одредбите од истиот.

Член 22

Овој договор влегува во сила со денот на неговото склучување од двете договорни страни.

Член 23

Договорот е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за *Општина АЕРОДРОМ* и 2 (два) за *ЕУРО-ЕКОПАК*.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

| | |
|---|---|
| Управител на<br>ЕУРО-ЕКОПАК ДОО Скопје | Градоначалник на<br>Општина АЕРОДРОМ |
| Лука Луковски | Тимчо Муцунски |